Република Северна Македонија

**Државен архив на Република**
**Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Arkivi shtetëror i Republikës**
**së Maqedonisë së Veriut**

Бр. 01-3785/1

Скопје, 22. 12. 2022 год.

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија донесува

## П Р А В И Л Н И К
## За надоместоци што ги исплаќа Државниот архив при организирање и спроведување на обуки

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува висината на надоместоците за авторски хонорари што ги исплаќа Државниот архив во обуки за стручно усовршување и оспособување на работниците кои работат на канцелариски и архивски работи кај имателите на архивски материјал или невработени лица кои сакаат да се стекнат со сертификат за канцелариско и архивско работење .

### Член 2

Државниот архив согласно чен 36 став 1 точка 17 од Законот за архивскиот материјал организира стручно усовршување и оспособување на работниците кои работат на канцелариски и архивски работи кај имателите , за што наплаќа надоместок од имателите врз основа на склучен договор во согласност со Тарифникот за надоместоци во Државниот архив донесе од страна на Владата на Република Македонија.

Врз основа на истиот тарифник Државниот архив врши обука на невработени лица кои сакаат да се стекнат со сертификат за архивско и канцелариско работење.

### Член 3

Основицата за пресметување на надоместокот на менторот кој ја спроведува обуката претставува просечна месечна нето - плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година.

Република Северна Македонија
**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Arkivi shtetëror i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Член 4

Висината на надоместокот за трошоци при работа за менторот кој е вработено лице во Државниот архив за организирање и спроведување на обуки се утврдува врз основа на бројот на лица кои ја посетуваат обуката:

- За 1 (едно) до 5(пет) лица кои ја посетуваат обуката (5%) од основицата.
- За групни обуки до 10 (десет) лица кои ја посетуваат обуката (10%) од основицата.
-За организирање и спроведување на групни обуки над 10 лица по гранки кај имателите на архивскиот материјал (20%) од основицата.

Член 5

Исплатата на надоместоците за обуки се врши од ставката за договорни услуги од вонредната жиро сметка на Државниот архив,а по претходно склучен авторски договор со менторот кој се ангажира во организирањето и извршувањето на обуката врз основа на писмен извештај за завршените обуки.

Исплатата се врши во нето износ преку авторски агенции на Република Северна Македонија со платен персонален данок, врз основа на авторски договор и доставена фактура.

Државен архив
Директор

---

Др Емил Крстески